Влада на Република Северна Македонија

З А П И С Н И К
од Двесте и осумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 јануари 2024 година

Скопје, јануари 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Двесте и осумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 јануари 2024 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет-комуникација започна во 17:35 часот.

Со седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата учествуваа, д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваше и Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда.

На седницата учествуваше и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство и Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање.

*
*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Кадровски прашања

2. Прашања и предлози

*
*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја поништи препораката до Надзорниот одбор на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација (М-НАВ) АД Скопје од т.37-Кадровски прашања од Двесте и седумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 јануари 2024 година (која не е реализирана) и притоа заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација (М-НАВ) АД Скопје, од должноста членови на Управниот одбор да ги отповика Фахрудин Хамиди (извршен директор во СВН) и Љубе Стаменковски (извршен директор во СВТ), а за членови да ги избере Хекуран Асани (извршен директор во СВН) и Милан Кораќ (извршен директор во СВТ).

**Точка 2**

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*
*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:40 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**